# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

16 ноември 2011 | Излегува по потреба | Година VI | број 13



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Планот на програми за развој на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 15.11.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4315/1**
**од 15.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите (''Службен весник на РМ'' бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и осмата седница одржана на ден 15.11.2011 година, донесе

# П Л А Н
# НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## Член 1

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба.

## Член 2

Планот на програмите за развој станува составен дел на Предлог - Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година.

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИО** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Александар Македонски“ бб - општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на жителите од руралните населени места во појасот од Трубарево до Идризово, преку изградба на примарниот одводен колектор во должина од 7км1, до крајот на 2014 год.; Заштита на животната средина и здравјето на жителите од наведените рурални населени места; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната инфраструктура; Да се потикне руралниот развој во сета негова широчина. |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на примарниот одводен колектор во период од 2012 до 2014; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на примарниот одводен колектор до крајот на 2014 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот потенцијал во овој микро регион vis a via домашните и странските инвеститори; 3 - Создавање на услови за решавање на секундарните мрежи за отпадни води во наведените рурални населени места. |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Подземните води во процесот на изградба на примарниот колектор; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на одводниот колектор; |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јуни 2012 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2014 година |
| **Вкупна вредност** | 110.000.000,00 денари |
| **Име на студија** | **Примарна каналска мрежа за отпадни води - колектор н.м. Трубарево - ПСОВ Идризово** |
| **Ниво на студија*** | ГП |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **Техноградба Инжинеринг ДОО - Скопје** |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2008 година |

| | | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **35.000.000,00** | **38.000.000,00** | **37.000.000,00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ИП = Идеен проект

ГП = Главен проект

ПФС = Предфизибилити студија

ФС = Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика за финансирање<br>Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2010 | Предвидени расходи 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | По 2015 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | С | 110.000.000 | | | 35.000.000 | 38.000.000 | 37.000.000 | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ **** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Други извори на финансирање ***** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **110.000.000** | | | **35.000.000** | **38.000.000** | **37.000.000** | |

**** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).***

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

******Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На План на програми за развој за изградба на примарна каналска мрежа за отпадни води - колектор, од населено место Трубарево преку населените места Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово до Пречистителна станица за отпадни води Идризово во Општина Гази Баба.

Примарниот Фекален Колектор е со должина Л = 3445,69 м, со цевки ПП ( ПЕ ) НД 630 мм, со квалитет СН8. На истиот има предвидено 6 препумни станици. Колекторот е на просечна длабочина од Х = 4,5 м и се наоѓа под Атмосферскиот Канал од десната страна на регионалниот пат Р 103, Скопје - Велес.

Со развојната програма се планира Примарниот Фекален Колектор да се изгради во три (3) буџетски години, и тоа 2012, 2013, 2014 год. Во 2012 година ќе се објави Јавна Набавка, и после изборот на најповолен понудувач ке се отпочне со изведба. Со програмата се предвидува рамномерно финансиско оптеретување во трите буџетски години.

Доколку Општина Гази Баба успее да обезбеди поволни кредитни линии од домашни банки, очекуваме истиот да го завршиме во пократок рок.

**Член 3**

Овој План влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07- 4228/3**
**од 15.11.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

# СОДРЖИНА

РЕШЕНИЕ за објавување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба ................................1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци